## *Образложение кон Билансот на успех на Интерпромет АД-Тетово со состојба на 31.03.2021*

**1. <u>Биланс на успех</u>** - Во првите три месеци во 2021 година, Друштвото оствари позитивен финансиски резултат од 1.093 милиони денари наспроти добивката од 2.050 милиони денари за истиот период од 2020 год.

**Вкупните приходи** за периодот од 01.01-30.03.2021 г. изнесуваат 5.531 мил. ден. Што се помали во однос на истиот период од минатата година кои изнесувале 6.040 мил.ден.

**Оперативните расходи** за периодот од 01.01-30.03.2021 г. изнесуваат 4.317 мил. ден. и истите бележат зголемување во однос на истиот период од минатата година кои изнесувале 3.765 мил.ден.

Последиците од кризата од Ковид-19, директно влијае на оперативното работење на нашата компанија како и врз продуктивноста, ликвидноста, наплатата на побарувањата и сл. Во однос на стратегиските промени, Друштвото се држи до иницијалните планови, но размислува и за стратегиски промени во обемот на работа доколку дојде до продолжување на кризата.

Компанијата ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Друштвото ќе ги преземе сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, соодветно корегирање на финансиските проекции за 2021 година, при што ќе биде фокусирано на одржување на нашата трајна цел а тоа е најдобри услуги за нашите клиенти.

**26.04.2021 год.**

**ИНТЕРПРОМЕТ. АД**
**Тетово**